**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**ЗА СКРИПТАТА „РАЗВИВАЊЕ НА ПИЈАНИСТИЧКА ТЕХНИКА, СЛУШНИ ВЕШТИНИ И ПРАВИЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ИЗБРАНИ ДЕЛА ЗА ПИЈАНО ОД МАКЕДОНСКИ КОМПОЗИТОРИ“ ОД М-Р НЕВЕНКА ТРАЈКОВА, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Скриптата со наслов „*Развивање на пијанистичка техника, слушни вештини и правилна интерпретација на избрани дела за пијано од македонски композитори*“ е учебно помагало приспособено за студентите кои го изучуваат предметот Пијано, на Вокално-инструменталната катедра, според ЕКТС програмата на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.

Според обемот компјутерски обработениот материјал содржи 45 страници. Овој обем соодветствува на новиот концепт на образование и според фондот на часови (2+2 и 1+2) концентрирани во два семестра V и VI или VII и VIII, но во зависност од индивидуалните способности на студентот. Исто така, како што е споменато во воведот од скриптата, истата може да послужи и за понапредни студенти од МТП одделот на Музичката академија.

Материјалот е структуриран во три тематски целини:

1. Основни компоненти за развој на пијанистичката техника;
2. Развој на слушни вештини кај пијанистот преку совладување на современи композиции од македонски автори;
3. Влијанието на фолклорот врз современите македонски композиторски визии.

Тематските содржини на целините се со јасно издвоени наслови и поднаслови. Во скриптата се комбинирани интерпретациски, теоретско-компаративни и естетски пристапи со цел да се помогне во наставниот процес на наставата по пијано, како главен предмет на Вокално-инструменталниот оддел при изведбата на избрани дела за пијано од македонски композитори.

Во **првата тематска** содржина е опфатено општо за техниката, основни компоненти за развој на пијанистичката техника и техничките проблеми претставени низ призмата на современата музика, преку некои избрани дела од македонски автори. Во методиката се опишуваат и систематизираат елементите кои ги сочинуваат основите на пијанистичката техника, нејзините психофизички основи, формирање на техниката на пијанистот, услови за формирање на техниката на пијанистот, ритам, темпо, принципи на агогика, стил во пијанистичката изведба, убав тон, звукоизвлекување и педализација. Овде е вклучена и кратка анализа на „Сонатина за пијано“ од Гоце Коларовски и нејзиното значење во пијанистичкото образование.

Совладувањето на техниката е од особено значење за овој профил на студенти. Секој нов тематски материјал е придружен со конкретни примери од современата македонска клавирска литература, што овозможува непосредна примена на теориските сознанија во практиката.

Нотните примери (вкупно 18) се земени од македонската современа музика. Во првата тематска содржина има нотни примери од Гоце Коларовски (4 нотни примери), Тодор Скаловски (2 нотни примери), Томислав Зографски (1 нотен пример) и Властимир Николовски (1 нотен пример).

Интересот е насочен и од друг аспект, заради можностите кои ги создаваат овие композитори за педагозите во маркантните технички и пијанистичко-интонациски рамки.

**Втората тематска** целина се однесува на еден многу важен дел за изградба на еден пијанист: *Развој на слушни вештини кај пијанистот преку совладување на современи композиции од македонски автори.*

Овој дел, кој опфаќа осум страници, генерално е поделен во два дела:

– Предмет на овој дел е влијанието што го имаат овие современи македонски дела за пијано врз слушно-интонациското воспитување на студентот и збогатување на неговото музичко искуство и репертоар. Во овој дел се анализирани дела од Тома Прошев (4 нотни примери) и Благоја Ивановски „Детска суита“ и „14 детски минијатури“. Методско-дидактичките упатства се дополнети и со нотни примери поради поегзактна примена во практичната употреба.

Во **третата тематска** содржина *Влијанието на фолклорот врз современите македонски композиторски визии* се претставени само неколку позначајни македонски композитори, кои оставиле белег со своите кардинални композиции, доста актуелни за изведувачите, а сепак содржат идиоми од народниот фолклор. Тоа се Тодор Скаловски, Властимир Николовски и Стојан Стојков, кој е каријатида на неофолклорниот стил. Избрани се дела од различен жанр за да можат студентите поподробно да се запознаат не само со стилот, туку и со жанрот. Претставени се: програмски минијатури, стилизирани игри-танци и композиција во еден став. Направени се кратки анализи, кои се претставени со дидактички цели. Главна цел се пијанистичките интерпретациски проблеми, нивните композиторски техники и идеи во областа на современата музика. Овде емпириска основа е креативноста на водечките македонски композитори – нивните дела и актуелните истражувања во сферата на пијаното. Опфатени се конкретно: Стојан Стојков – „Пасторална суита“, Тодор Скаловски – „Македонски триптих“ и Властимир Николовски – „Токата“. Претставувањето на сите содржини е спроведено според принципот на постапност, што е исклучително важно за оптималното совладување на техниката на свирење музички инструмент, во случајот - пијаното.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Македонската палета од композиции за пијано претставува еден широк спектар темелен за правилна и разнообразна подготовка на пијанистите. Таа им дава на младите изведувачи можност за најдобар директен контакт со македонската музичка изразност и карактеристичност. Незаменлива е улогата на македонскиот пијанистичко-педагошки репертоар за развојот на пијанистичките техники и слушните вештини кај пијанистите.

Со изведбата на овие дела од страна на пијанистот/студент, воедно и педагогот, се збогатува со можности за работа во процесот на развојот на овие вештини кај студентот и секако разнообразие во работата и програмата. Токму поради постигнување на една побогата и комплексна педагошка насоченост, во скриптава е направен обид за придонес кон пијанистичката методологија. Ракописот на авторот м-р Невенка Трајкова во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Рита Трпчева-Поповиќ, редовен професор,**
**Факултет за музичка уметност (Катедра за пијано),**
**УКИМ – Скопје, с.р.**
**Валентина Нолчева, редовен професор,**
**Факултет за музичка уметност (Катедра за пијано),**
**УКИМ – Скопје, с.р.**